РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-366
06.12. 2022 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 54 став 5 од истиот Закон и член 4 од Правилникот за спонзорство арх.бр.01-1876/1 од 12.03.2015 година, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4076/1 од 02.11.2022 година, а во согласност со Заклучокот арх.бр.02-4482/2 од 05.12.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 44-та седница одржана на 05.12.2022 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, заради извршена повреда на член 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и член 4 од Правилникот за спонзорство (ПС), на начин што во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 5-ти октомври 2022 г., емитуваше спонзорирана религиска ТВ-проповед.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4076/1 од 02.11.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и ПС.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**Образложение**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 54 став 5 од ЗАВМУ, не е дозволено спонзорство на вести, актуелно-информативни програми за тековните настани и на верски програми.

Во член 4 од Правилникот за спонзорство пропишано е дека спонзорирањето е забрането во следниве видови програми и други сегменти, утврдени со Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми: програми со информативна функција: вести и ТВ или радио дневници, актуелно-информативна програма, актуелно-информативна програма со документаристички пристап, актуелно-информативна говорна шоу програма и кој било вид програма со информативна функција со религиозна/теолошка тематика; програми со образовна функција: документарни програми со религиозна тематика; други сегменти – верски програми, служби и проповеди. Доколку

документарните програми, наведени во член 4 став 1 од ПС и програмите за деца се спонзорирани, не е дозволено да се идентификува спонзорот во текот на нивното времетраење.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 2-ри ноември 2022 г., изврши редовен, програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, емитуван на 5-ти октомври 2022 г., на локално ниво, при што констатираше прекршување на член 54 став 5 од ЗАВМУ и член 4 од ПС, на начин што радиодифузерот пред емитувањето на ТВ-проповедта насловена: „Џојс Маер – Уживајќи го секојдневниот живот", објави телоп за „SN – Осигурителен брокер А. Д. Битола", кого графички и вербално го означи како спонзор на емисијата со религиска содржина. Џојс Маер е американска свештеничка, на https://tv.joycemeyer.org/macedonian/ самопромовирана и како: „телеевангелистка/библиска учителка", која толкува содржини од Библијата како мотивациски, практични совети за подобрено живеење. Повредата од точка 1 од ова Решение, спецефицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4076/1 од 02.11.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово на 04.11.2022 г., испрати Допис арх.бр.10-4076/2 од 04.11.2022 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4076/1 од 02.11.2022 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ и ПС. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот, за што во предвидениот рок ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, достави писмено изјаснување за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ, наш арх.бр.10-4063/3 од 01.12.2022 г. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 05.12.2022 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното писмено изјаснување и заклучи на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 54 став 5 од истиот Закон и член 4 од ПС, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 г. и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр. 10-4076/1 од 02.11.2022 година, поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ и ПС, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 44-та седница одржана на 05.12.2022 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-4482/2 од 05.12.2022 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и ПС. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4076/1 од 02.11.2022 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

-ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово;
-Управителот на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово;
-Одговорното лице на програмата во ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово;
-Секторот за правни работи и јавни набавки;
-Секторот за програмски работи; и
-Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: | 02-11-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4076 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** Редовен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово;
3. **Период опфатен со надзорот:** 5 октомври 2022 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 2 ноември 2022 година;
5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
- **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
- **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
- **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);
- **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);
- **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа);

6. Претходно изречена мерка: /

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ПЛУС ДОО, Куманово, емитуван на 5 октомври 2022 година, на локално ниво, **констатирано е прекршување на членот 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*недозволено спонзорирање верска програма*) и **на членот 4 од Правилникот за спонзорство** (*забрането спонзорирање верски програми, служи и проповеди*) .

Спротивно на горецитираните одредби од Законот и од Правилникот, во програмскиот сервис од 5 октомври 2022 година, пред емитувањето на ТВ-проповедта насловена: „**Џојс Маер – Уживајќи го секојдневниот живот**", ТВ Плус објави телоп за „**SN – Осигурителен брокер А.Д. Битола**", кого графички и вербално го означи како спонзор на емисијата со религиска содржина.

Џојс Маер е американска свештеничка, на https://tv.joycemeyer.org/macedonian/ самопромовирана и како: „телеевангелистка / библиска учителка", која толкува содржини од Библијата како мотивациски, практични совети за подобрено живеење.

**5 октомври 2022 г.**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | почеток | крај |
| „Џојс Маер – Уживајќи го секојдневниот живот" | 15:22:28 | 15:48:18 |
| **Опис на прекршувањето**<br>Емисијата „**Џојс Маер – Уживајќи го секојдневниот живот**" претставува верска проповед, што како ТВ-жанр – и по Законот и по Правилникот за спонзорство - не смее да се спонзорира. | | |

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 4 од Правилникот за спонзорство,** на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ Плус ДОО, Куманово, на 5 октомври 2022 година, беше емитувана спонзорирана религиска ТВ-проповед.

9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ Плус ДОО, Куманово, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за спонзорство; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи:*